| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и пролетта |
| **Содржина на денот** | Играме -учиме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –Како можам да играм со другарите, а притоа да не го загрозам сопственото здравје и здравјето на другите. |
| **Активности** | За оваа активност со Вашите деца може да одберете математички игри преку кои децата истовремено ќе играат и ќе учат. За оваа игра ви се потребни форми од круг, квадрат, триаголник и правоаголник кои ќе ги изработите од хартија во боја или картони кои децата може да ги бојат во разни бои. Кога ќе ги изработите формите разговарејте со детето и поттикнете го да ги именува и опишува нивните карактеристики. Потоа дајте му упатства од истите геометриски форми да состави слика по избор (куќа, цвеќе, автомобил, воз...). Разговарајте со детето што има на неговата слика и побарајте од него да ги наброи формите, боите и да ги спореди големините  кои ги користело. Како дополнување  на оваа активност  може да направите прошетка во блиската околина и да  го поттикнете детето да ги препознава формите на круг, квадрат, триаголник и правоаголник во објектите кои ги гледа. |